## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 91 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ПО МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11, 80/13, 35/16, 101/17, 162/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/19, 215/19, 24/20 и 96/21), во членот 3 во ставот 2 зборовите „пченка и фуражни култури“ се заменуваат со зборовите: „пченка, фуражни култури, повеќегодишни лозови насади, овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија, медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) и градинарски култури“.

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-8950/1
29 ноември 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.